Арх.бр. УП1-15 106/2022
Дата.....27 -01- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Сопиште се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на** КП 583, КП 584, КП 586, **КО Сопиште-вгр, Општина Сопиште.**

Предмртниот опфат зафаќа површина од 0,5 ха.

Предметниот опфат се граничи со плански опфат за кој што се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Сопиште-разработка на Блок 1, Општина Сопиште, со техн. број Y 28212.

Во непосредна близина на предметниот опфат издадени се:

-Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд зона си класа на намена А4, на КП 683/1, 683/2, 683/3, 683/4, 683/5, 683/6, 683/7 и 683/8, КО Сопиште вон г. р.,со тех. број Y 18915;

-Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4-времено сместување, со тех. број Y 25516;

-Услови за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 686/4, КО Сопиште вон г.р., Општина Сопиште, со тех. број Y 07021.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

<u>Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.</u>


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y18921** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 583, КП 584, КП 586, КО Сопиште-вгр, Општина Сопиште, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 583, КП 584, КП 586, КО Сопиште-вгр, Општина Сопиште, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 583, КП 584, КП 586, КО Сопиште-вгр, Општина Сопиште**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk